# ИЗЛОЖБА НА ТОМА ВЛАДИ-МИРСКИ



Тома Владимирски: Радика

На 1 октомври во Уметничката галерија во Скопје ќе биде отворена самостојна изложба на Тома Владимирски. На оваа изложба Владимирски ќе прикаже еден поголем циклус слики со мотиви од Радика. Последната негова самостојна изложба што беше организирана во Клубот на писателите, исто така имаше тема река: тоа беа мотиви од Вардар. Оваа изложба на Тома Владимирски доаѓа по речиси една пауза од 10 години. Во ова меѓу време, Владимирски свои дела прикажувал и на заедничките изложби на ДЛУМ и на тематски изложби што ги организирале ликовните институции во Скопје. Тома Владимирски за своето творештво пред неколку години доби награда за животно дело — „11 Октомври“.